Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 113/1
23-01-2023 година

По претставката со бр. 08 – 408/1 од 08.08.2022 година, поднесена од [redacted] против ЈАВНА УСТАНОВА-Меѓуопштински центар за социјална заштита на Град Скопје со адреса на ул. Никола Вапцаров бр. 11 Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА ПРЕТСТАВКАТА** со бр. 08 – 408/1 од 08.08.2022 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење [redacted] Скопје **поради ненадлежност.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 08.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 408/1 од страна на [redacted] против Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје.

По разгледување на Вашата претставка и прилозите кон предметот, Ве информираме дека постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) дискриминацијата се дефинира како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Од наведеното во претставката произлегува дека подносителот истата ја поднел поради недобивање на право од социјална заштита од ЈУМЦСР на Град Скопје. Со Законот за постапување по претставки е регулирано постапувањето по претставки и предлози на органите и организациите што вршат јавни овластувања.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*„Органот кој постапува по претставките и предлозите е должен да му одговори на подносителот за основаноста и за резултатите од постапувањето во рок од 15 дена, а за сложени прашања во рок од 30 дена од приемот на претставката, односно предлогот."*

Комисијата утврди дека не е надлежна за постапување по конкретниот проблем и лицето има поднесено жалба против пресуда на Управен суд У-4 бр. 483/1020 од 07.06.2021 за чие решавање е надлежен друг јавен орган, во случајот Управен суд на Република Северна Македонија.

Поради се' горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката со бр. 08 – 408/1 од 08.08.2022 година поднесена од [redacted] заради ненадлежност за постапување по истата.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk